Совет на Општина Делчево
Број 09-994/2
31.03.2026 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Осма седница на
Советот на Општина Делчево

Осмата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 31.03.2026 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа 15 советници.

Отсутни немаше.

На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Општина Делчево, Иван Гоцевски, образлгачите на точките (раководители и директорите), претставници на општинската администрација и претставници на медиумите.

За 8.седница, претседателот на Советот го предложи следниот

Дневен ред
-Усвојување на Записник од 7.седница

1. Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2025 година со Заклучок за усвојување;
2. Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година со Заклучок за усвојување;
   Образлагач: Претставник на Источен плански регион.
3. Предлог-Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево;
   Образлагач: Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за општи и правни работи.
4. Предлог- Одлука за изразување интерес на општините и сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“/ четврт циклус 2026-2027 /;
5. Предлог-Одлука За сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот “Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led lightening Project)”.
6. Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Делчево во предлог-проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популација на кучињата скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион;
   Образлагач: Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.
7. Предлог-Одлука за формирање на Партиципативно тело на Општина Делчево;
   Образлагач: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска сефикасност
8. Годишен извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
9. Годишна Програма за работа на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на

патиштата Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач:Николина П.Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта.

10. Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево;

Образлагач: Николчо Стојменовски, претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата;

11. Годишна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2025 година со Заклучок за усвојување;
    Образлагач: Сашко Ивановски-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.
12. Годишна сметка на ООУ „ Св.Климент Охридски“ за 2025 година со Заклучок за усвојување;
    Образлагач: Димитар Видимлиски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“
13. Годишна сметка на СОУ „М.М.Брицо“ за 2025 година со Заклучок за усвојување;
    Образлагач: Марина Синадиновска-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.
14. Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 30.09.2025 со Предлог-Заклучок за усвојување;
15. Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 31.12.2025 со Предлог-Заклучок за усвојување;
16. Годишен извештај на Општина Делчево за 2025 година;
17. Завршна сметка на Општина Делчево за 2025 година;
    Образлагач: Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци.
18. Извештај за реализација на Програмата за образование за 2025 година на Општина Делчево;
    Образлагач: Ванчо Новоселски-Советник з аобразование.
19. Предлог-Решение за именување на претставник на Министерството за социјала демографија и млади во Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови“.
    Образлагач: Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за општи и правни работи.
20. Извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
21. Годишна сметка сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 со Предлог-Заклучок за усвојување;
    Образалагач: Марија Сумрачка-ВД директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
22. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1 помали производни капацитети згр. бр. 2 –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;
23. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1 помали производни капацитети згр. бр. 7 –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;
24. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1

помали производни капацитети **згр. бр. 8** –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;

25. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1 помали производни капацитети **згр. бр. 9** –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;
26. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1 помали производни капацитети **згр. бр. 10** –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;

   Образлагач: Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште.
27. Годишна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
28. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите;
29. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Записник за селекција, евиденција и отуѓување на електронски отпад бр.02-64/6 од 23.03.2026;

   Образлагач: Виолета Гиздовска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево.
30. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, за збор се јави претседателот на Советот кој рече дека заради оправдано отсуство (боледување) на образлагачот на точките 20 и 21 ги повлекува точките од дневен ред. Според тоа тој ја затвори расправата по дневниот ред и на гласање го стави следниот предложениот дневен ред (без точки 20 и 21).

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по записникот од 8.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 7.седница.

Првата точка-Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2025 година со Заклучок за усвојување и **Втората точка** Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година со Заклучок за усвојување ги образложи Александар Николовски-Претставник на Источен плански регион кој на почетокот истакна дека Центарот за развој на ИПР постои веќе 16 години и во тој период се реализирани над 100 регионални проекти кои придонеле за развој на самиот регион и директно влијаеле на подобрувањето на условите за живот на граѓаните од сите општини во регионот. Во продолжение тој зборуваше за организациската поставеност на ЦИПР, изворите на средства , соработката на Центарот за развој на ИПР и другите институции. Тој ги истакна проектите кои се реализирани со помош на средства од буџетот на државата и ја објасни постапката и критериумите за селекција на проектите, како и начинот и износот на

средствата кои се доделуваат. На крајот, тој истакна дека доколку има прашања, советниците можат да ги постават тој ќе ги одговори.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која рече дека од самите извештаи може да се заклучи дека општина Делчево е најмалку застапена за разлика од други општини, односно има најмалку реализирани проекти на подрачјето на нашата општина.Освен регулацијата на коритото на р. Габровчица кој е поголем проект, другите се помали и се однесуваат на садови и канти за отпад и сл. Затоа, таа праша на што се должи тоа, односно кои се причините поради кои во Делчево има најмалку реализирани проекти преку ИПР?

Претставникот на Центарот за развој на ИПР, Александар Николов, истакна дека еден од извештаите се однесува конкретно на работата на Центарот за развој на ИПР и се однесува на проекти каде тој се јавува како носител или партнер на проектите. Другиот Извештај се однесува на реализацијата на Програмата која е целосен документ и законска обврска на ЦРИПР е да се следи нејзината реализација. Тој истакна дека 2025 година од страна на државата доста се скратени средствата за сите региони, па така и за ИПР и од тие причини има помала реализација на преоекти. Исто така тој ја појасни постапката и начинот на подготовка и селекција на проекти. Што се однесува за Делчево, на самата седница има точки кои се однесуваат на проекти кои ќе бидат аплицирани преку ИПР, а средствата ќе бидат обезбедени од страна на Бирото за регионален развој и Министерството за локална самоуправа, за што подетално ќе даде образложение Тони Стоименовски.

Претседателот на Советот рече дека во врска со точката која се однесува на Регионален центар за згрижување и контрола на популација на кучињата скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион, треба да се има предвид доколку биде изграден ваков центар, да биде по примерот на општина Кавадарци, решението да биде трајно и проблемот со кучињата решен.

Александар Николов рече дека стационар за кучиња има и во Струмица и во Кавадарци. И во двете општини има некои недостатоци кои ИПР ги има согледано и ќе ги има предвид во иднина доколку се прави ваков центар во нашиот регион. Она што треба да се каже дека оваа одлука е само почесто, со неа ќе се изработи физибилити срудија која треба да ги покаже и слабите и јаките страни, значи ќе се изработи SWOT анализа и ќе се земат предвид сите искуства и од Кавадарци и од Струмица. Целта е да уќиме од другите региони и да не се повторуваат нивните грешки, односно да се учи од нивните грешки Исто така покрај физбилити студијата, ќе се изработи и техничка документација. Што се однесува до изградба на Центар, тоа е поголема инвестиција и ќе бара повеќе средства од сите општини во Регионот, но исто така и проблемот е голем, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а 1.точка беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“ Советот на Општина Делчево, донесе Заклучок за усвојување на усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен-плански регион за 2021-2026 за 2025 година;

На гласање беше ставена и 2.точка.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“ Советот на Општина Делчево, донесе Заклучок за усвојување на усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година.

Трета точка- Предлог-Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево;

Образлагач по точката беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за општи и правни работи. Таа истакна дека со овој Правилник се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на наградите и признанијата кои ги доделува Општина Делчево, а кои се предвидени во Програмата за култура, Програмата за образование, Програмата за спорт и Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево.Општина Делчево ги доделува следните награди и признанија:

1. Општинска награда;
2. Општински признанија;
3. Општинска награда за постигнати исклучителни резултати на полето на уметноста „Љубомир Белогаски“;
4. Награди кои се доделуваат по одредени поводи и настани.

Општинската наградата се доделува на физички и правни лица од Општина Делчево и од Република Северна Македонија, како знак на општествено признание за особени постигнувања од областа на стопанството, науката, уметноста, културата, воспитувањето и образованието, здравствената и социјалната заштита, спортот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Северна Македонија и во светот.

Општина Делчево доделува признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Делчево.

Признанијата се доделуваат во форма на плакети и благодарници.

Општината воспоставува Општинска награда „Љубомир Белогаски“ за постигнати исклучителни резултати во областа на уметноста.

Наградата се доделува со цел:
- поттикнување на уметничкото творештво и креативноста;
- развој и афирмација на локалните уметнички вредности;
- поттикнување на учество во културни и уметнички настани;
- негување и афирмирање на ликот и делото на роднокрајниот уметник Љубомир Белогаски;
- афирмација и развој на техниката акварел.

Наградата се доделува еднаш годишно, а по повод 15 април – денот на раѓањето на уметникот Љубомир Белогаски.

Наградата може да се додели на физичко лице – уметник, творец или автор кој во текот на претходната година постигнал значајни резултати во областа на ликовната уметност на територтијата на Општина Делчево.

Наградата се состои од плакета или признание.

Во врска со претходно спомнатите награди и признанија од страна н аобразлагачот беа образложени критериумите и постпката за доделување на секој поединечно.

Во продолжение на образложението беа образложени и за другите награди кои ги доделува Општината по разни поводи и настани и тоа:

1. Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари;
2. Награда за најдобрите матуранти;

3. Награда за првенец на генерацијата во општинските основни училишта во Општина Делчево;
4. Награда за најдобар ученик од ромска националност;
5. Награда за верскиот празник *Богојавление* –Водици;
6. Награда по повод манифестацијата „Пијанечки денови на сливата“;
7.Свадбен подарок за Пијанечко- малешевската свадба;
8. Новогодишен подарок;
9. Награда за постигнати врвни спортски резултати;
10. Наградата на најдобрите од спортот во Општина Делчево
11. Награда за најдобар пожарникар;
12. Награда за најдобар просветен работник;
13. Награда за најдобар здравствен работник;
14. Награда за најдобар комунален работник.

Посебен акцент беше ставен на наградите кои ги доделува Општината, а се однесуваат на учениците. Награда се доделува за ученици освоиле прво, второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од МОН или Биро за развој на образованието, како и од реномирани меѓународени натпревари. Таа се доделува на ученици во основно и средно образование кои во поединечна категорија освоиле прво, второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од МОН или Биро за развој на образованието, како и од реномирани меѓународени натпревари.Под поимот место од став 1 на овој член, се подразбира само по еден ученик на организираниот натпревар да го има освоено првото, второто или третото место.Наградата се доделува во форма на парични средства.Висината на паричната награда од ставот (2) е во износ од:

15.000,оо денари за освоено прво место
10.000,оо денари за освоено второ место
8.000,оо денари за освоено трето место

Награда од став 1 на овој член се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати значајни резултати на државни и меѓународни натпревари во тековната година. Барањата од став 5 на овој член ученикот го доставува до архивата на Општина Делчево најдоцна до 31 декември во тековната година, кога е организаран натпреварот.

Барањето од став 5 на овој член може да се поднесе еднаш во тековната година за највисокото место кое го има освоено ученикот.

Потоа беше образложена постапката и критериумите за доделување на оваа награда.

Во прилог на барањето е потребно да се достави доказ, фотокопија од диплома за освоено место од државниот или меѓународниот натпревар и потврда за редовен ученик.

Исто така од страна на образлагачот беше образложена и наградата за најдобрите матуранти.

Наградата се доделува на 10 (десет) најдобри ученици во IV година-матуранти од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево.Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот (2) се одредува секоја година посебно во Програмата за образование.Постапката за доделување на наградата се спроведува врз основа на јавен конкурс објавен од страна на градиначалникот на Општината, а по претходен

предлог и критериуми утврдени од Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Делчево.

Комисијата за јавни дејности при утврдувањето на критериумите за избор на најдобрите матуранти и разгледувањето на пријавите има право да повика стручни лица за давање соодветно мислење.По завршувањето на објавениот конкурс, Комисијата врши оцена и бодување на секоја поединечна пријава согласно со критериумите и доставената документација, составува записник и предлог- листа на најдобри ученици во IV година-матуранти од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево која ја доставува до градоначалникот на Општина Делчево.Согласно со предлог- листата на Комисијата за јавни дејности, градоначалникот на Општина Делчево за прворангираниот кандидат донесува Решение за првенец на генерацијата на кој ќе му биде доделана парична награда во износ утврден во Програмата за образование, додека за останатите девет ученици, градоначалникот донесува решение за доделување парична награда, износ кој, исто така, е утврден во Програмата за образование.

Општина Делчево доделува и Награда за првенец на генерацијата. Таа се доделува на ученици во IX (деветто) одделение во општинските основни училишта „Ванчо Прке“ Делчево и „Св. Климент Охридски“ Делчево.Наградата се доделува во форма на парични средства.Висината на паричната награда за учениците од општинските основни училишта се одредува секоја година посебно во Програмата за образование.Постапката за избор ја спроведуваат општинските основни училишта врз основа на нивен интерен правилник.Општина Делчево поднесува писмено барање до општинските основни училишта за достава на податоци за извршениот избор најдоцна 15 дена пред доделувањето на наградата.Училиштата се должни да ја достават информацијата од спроведената постапка за избор во рок од 15 дена од добивањето на барањето од став 5 на овој член, а најдоцна до 10 јуни во тековната година за општинските основни училишта.Градоначалникот на Општина Делчево по добивањето на информацијата донесува решение за доделување на наградата.

Наградата за најдобар ученик од ромска националност се доделува по повод Светскиот ден на Ромите, 8 Април. И се доделува на ученик во Средното општинско училиште „М.М.Брицо“ Делчево и ученици во општинските основни училишта „Ванчо Прке“ Делчево и „Св.Климент Охридски“ Делчево.Наградата се доделува во форма на парични средства.Висината на паричната награда за ученик во Средното општинско училиште и за учениците од општинските основни училишта се одредува секоја година посебно во Програмата за образование.Постапката за избор на најдобар ученик од ромска националност ја спроведуваат општинските основни училишта и Средното општинско училиште.Општина Делчево поднесува писмено барање до општинските основни училишта и Средното општинско училиште за достава на податоци за извршениот избор најдоцна 20 дена пред доделувањето на наградата.Училиштата се должни да ги достави податоците од спроведената постапка за избор во рок од 10 дена од добивањето на барањето од став 6 на овој член.Градоначалникот на Општина Делчево по добивањето на податоците донесува решение за доделување на наградата.

Општина Делчево доделува награда за верскиот празник *Богојавление* –Водици.Наградата по повод верскиот празник *Богојавление* –Водици се доделува традиционално секоја година на лицето кое ќе го фати светиот крст во водите на реката Брегалница.Наградата од став 1 се доделува во форма на парични средства.Висината на паричната награда изнесува 10.000 денари.

Градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на наградата.

По повод манифестацијата „Пијанечки денови на сливата“ се доделуваат неколку награди традиционално секоја година на најдобрите и најкреативни учесници на манифестацијата.Наградите се доделуваат во форма на пари.Вредноста на наградите изнесува:

- 4.000 денари за освоено прво место за највесела ракија;
- 3.000 денари за освоено второ место за највесела ракија;
- 3.000 денари за најсладок мармалад (слатко);
- 3.000 денари за најубав штанд.

Постапката за избор ја спроведува Комисијата за организирање културни настани и манифестации на денот на одржувањето на манифестацијата.На учесниците на манифестацијата кои варат ракија и прават мармалад (слатко), општината им исплаќа износ од 500 денари на име трошоци.Врз основа на предлогот на Комисијата од став 4 на овој член, градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на наградите.

Свадбен подарок се доделува на младоженците кои се избрани за Пијанечко-малешевската свадба во тековната година. Свадбениот подарок од став 1 на овој член се доделуваат во форма на пари или предмети.Свадбениот подарок од став 2 на овој член е по избор на младоженците и е во вредност од 12.000 денари.Градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување на подарокот.

Новогодишниот подарок се доделува на дежурните служби кои работат на денот/ноќта на дочекот на Новата година.Новогодишниот подарок се доделува на:

- ЈЗУ Здравен дом „Гоце Делчев“ Делчево;
- Територијалната противпожарна единица Делчево
- Регионален центар за гранична полиција ИСТОК
- Министерство за внатрешни работи-ПС Делчево
- Царинската управа - Царинска испостава Делчево
- ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта- Подружницата Штип –Регион Делчево

Новогодишниот подарок од став 1 на овој член се доделуваат во форма на предмети.

Вредноста на секој поединечен подарок може да биде најмногу до 10.000 денари.

Градоначалникот на Општина Делчево донесува Решение за доделување на подарокот.

Наградата за постигнати врвни спортски резултати се доделува на спортски здруженија во поединечни и екипни натпревари кои освоиле прво, второ или трето место на официјални државни и реномирани меѓународени натпревари.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот (2) е во износ од:

15.000 денари за освоено прво место;

10.000 денари за освоено второ место;

8.000 денари за освоено трето место.

Награда од став 1 на овој член се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати врвни спортски резултати на државни и меѓународни натпревари во тековната година.

Барањето, здружението го доставува до архивата на Општина Делчево најдоцна до 31 декември во тековната година, кога е организаран натпреварот.Барањата од став 4 на овој член може да се поднесе еднаш во тековната година за највисокото место кое го има освоено спортското здружение.Во прилог на барањето, потребно е да се достави доказ, тековна состојба од спортското здружение не постара од 6 месеци и фотокопија од диплома за освоено место од државниот или меѓународниот натпревар. Градоначалникот на Општина Делчево со решение формира комисија која ги разгледува поднесените барања и да утврди дали се исполнети условите за доделување на наградата и да даде предлог до градоначалникот на Општината.Градоначалникот донесува решение за доделување на наградата во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.Наградата на најдобрите од спортот во Општина Делчево се доделува за постигнати резултати во индивидуален и во клубски спорт за претходната година и тоа:

-награда за најдобар спортист/ка,

-најдобар млад надежен спортист/ка,

-најдобар тренер/ка и

-најдобра екипа чиешто седиште е во Општина Делчево.

Наградата се доделува во форма на парични средства и плакета.

Висината на паричната награда е во износ од:

10.000 денари за најдобар млад надежен спортист/ка;

15.000 денари за најдобар спортист /ка;

15.000 денари најдобар тренер/ка;

20.000 денари за најдобра екипа.

Постапката за доделување на наградите започнува врз основа на јавен повик кој го објавува градоначалникот на веб-страницата на Општина Делчево, најдоцна до 30 јануари во тековната година за постигнатите резултати од претходната година, а на претходен предлог на Комисијата за спорт при Советот на Општина Делчево.Право на предлагање кандидати за изборот на најуспешните имаат спортските клубови и нивните членови чиешто седиште е во Општина Делчево, како и физички и правни лица.Пред објавувањето на јавниот повик, Комисијата за спорт ги утврдува критериумите, условите, времетраењето на јавниот повик, потребната документација, како и начинот на бодување на поднесените пријави.По завршувањето на јавниот повик, Комисијата за спорт ги разгледува поднесените пријави и, врз основа на утврдените критериуми, врши бодување, врз основа на кое дава предлог за доделување награда до градоначалникот на Општината.По доставениот предлог од Комисијата за спорт, градоначалникот донесува решение за доделување на наградите и ги доделува на свечен настан организиран од Општината.

Наградата за најдобар пожарникар се доделува по повод Денот на македонските пожарникари, 20 Мај.

Наградата од став 1 на овој член се доделува на пожарникар во ТППЕ Делчево кој покажал посебно истакнување и храброст во гасењето пожари и во други технички интервенции.

Наградата се доделува во форма на плакета или признание.

Постапката за избор на најдобар пожарникар ја спроведува ТППЕ Делчево.

Општина Делчево поднесува писмено барање до ТППЕ Делчево за достава на податоци за извршениот избор најдоцна 30 дена пред доделувањето на наградата.

ТППЕ Делчево е должно да ги достави податоците од спроведената постапка за избор во рок од 15 дена од добивањето на барањето од став 6 на овој член.

Градоначалникот на Општина Делчево по добивањето на податоците ја доделува на наградата за најдобар пожарникар.

Наградата за најдобар просветен работник се доделува со цел да се поттикне квалитетот во воспитно-образовниот процес, да се афирмираат успешните наставници и да се унапреди образованието.

Наградата се доделува еднаш годишно по повод Денот на просветните работници и се состои од плакета или признание.Постапката за доделување на наградата се спроведува врз основа на јавен повик објавен од страна на градиначалникот на Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од комисија, формирана од градоначалникот.Постапката за избор ја спроведува комисија формирана од градоначалникот, а составена од претставници од општината, образовните институции и стручната јавност.Право на учество имаат просветни работници вработени во основните училишта и Средното училиште на територијата на Општината кои имаат најмалку 3 години работно искуство во воспитно-образовната дејност.

Критериуми за доделување на наградата се:

- постигнати резултати со учениците;
- иновативност и креативност во наставата;
- примена на современи методи и техники на работа;
- учество во проекти, натпревари и обуки;
- придонес во развојот на училиштето и локалната заедница;
- професионален однос и етичност во работењето.

Предлози за кандидати можат да поднесат училиштата, стручните служби, советите на родители и други релевантни субјекти.

Комисијата ги разгледува пристигнатите предлози, врши оценување на кандидатите согласно со утврдените критериуми и доставува предлог за доделување на наградата до градоначалникот на Општина Делчево.Врз основа на предлог од комисијата, градоначалникот на Општина Делчево ја додедлува наградата за најдобар просветен работник.

Со оваа одредба се уредуваат условите, критериумите и постапката за доделување награда за најдобар здравствен работник по повод Денот на здравствените работници.Наградата се доделува со цел да се оддаде признание за исклучителен придонес во здравствената заштита, унапредување на здравствените услуги и посветеност во работата со пациенти.Наградата се доделува еднаш годишно, по повод Денот на здравствените работници и се состои од плакета или признание.

Постапката за доделување на наградата се спроведува врз основа на јавен повик објавен од страна на градиначалникот Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од комисија формирана од градоначалникот.

Постапката за избор ја спроведува комисија формирана од градоначалникот, составена од претставници од Општината, здравствени установи и стручни лица од областа на здравството.

Право на учество имаат здравствени работници вработени во јавни и приватни здравствени установи на територијата на Општината кои имаат најмалку 3 години работно

искуство во здравствената дејност.

Критериуми за доделување на наградата се:

- стручност и професионалност во вршењето на работата;
- хуманост, етичност и однос кон пациентите;
- постигнати резултати и придонес во унапредување на здравствената заштита;
- учество во стручни обуки, едукации и проекти;
- ангажман во превентивни и здравствено-едукативни активности;
- придонес во афирмација на здравствената установа и локалната заедница.

Предлози за кандидати можат да поднесат здравствени установи, колегиуми, здруженија, како и други релевантни субјекти.Комисијата ги разгледува пристигнатите предлози, врши оценување на кандидатите согласно со утврдените критериуми и доставува предлог за доделување на наградата до градоначалникот на Општина Делчево.Врз основа на предлог од комисијата, градоначалникот на Општина Делчево ја додедлува наградата за најдобар здравствен работник.

Наградата за најдобар комунален работник се доделува со цел да се оддаде признание за посветеноста, одговорноста и придонесот на комуналните работници во одржувањето на јавната чистота, уредноста и функционалноста на комуналната инфраструктура во општината. Наградата се доделува еднаш годишно и се состои од признание или плакета.Постапката за доделување на наградата се спроведува врз основа на јавен повик објавен од страна на градиначалникот Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од комисија, формирана од градоначалникот. Постапката за избор ја спроведува комисија формирана од градоначалникот, а составена од претставници на Општината и преставници на ЈКП „Брегалница“ Делчево.Право на учество имаат комунални работници вработени во Јавното комунално претпријатие со најмалку 2 години работно искуство.

Критериуми за доделување на наградата се:

- одговорност и дисциплина во извршувањето на работните задачи;
- квалитет и ефикасност во работењето;
- придонес во одржување на јавната чистота и уреденост;
- ангажман во вонредни услови;
- професионален однос кон граѓаните и колегите;
- иницијативност и тимска работа.

Предлози за кандидати можат да се поднесат од Јавното комунално претпријатие, раководители, синдикални организации и други релевантни субјекти.Комисијата ги разгледува пристигнатите предлози, врши оценување на кандидатите согласно со утврдените критериуми и доставува предлог за доделување на наградата до градоначалникот на Општина Делчево.Врз основа на предлог од комисијата, градоначалникот на Општина Делчево ја додедлува наградата за најдобар комунален работник.

Средствата за наградите од овој Правилник се обезбедуваат од Буџетот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која рече дека смета оти на Комисијата за доделување награди и признанија ѝ е истечен мандатот.

Ивана Ивановска рече дека е точно тоа, но по стапувањето во сила на овој Правилник ќе се донесе Решение за формирање на комисија.

- Адријана Илиевска Велковски рече дека е за пофалба тоа што се додадени царинската испостава и ЈП одржување и заштита на магистрални и регионални патишта- Подружницата Штип –Регион Делчево и предложи, во врска со Новогодишниот подарок кој се доделува традиционално секоја година на 31 декември, покрај останатите институции кои се посетуваат од страна на Градоначалникот, да бидат посетени и Шумската полиција.
- Според тоа таа предложи Амандман за доделување на новогодишен подарок на Шумска полиција, односно по
- ЈЗУ Здравен дом „Гоце Делчев“ Делчево;
- Територијалната противпожарна единица Делчево
- Регионален центар за гранична полиција ИСТОК
- Министерство за внатрешни работи-ПС Делчево
- Царинската управа - Царинска испостава Делчево
- ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта- Подружницата Штип –Регион Делчево

  Да се додаде и Шумска полиција Делчево.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече дека врз основа на член 161 и 166 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советничката група на СДСМ поднесува Амандман кој гласи:

Да се дополни поглавје V „Награди кои се доделуваат по одредени поводи и настани“

Под реден број 15 се додава нова награда, која гласи:

Награда за најдобар полициски работник.

Се додава нов член 49 –Награда за најдобар полицисики работник, кој гласи:

Наградата за најдобар полицски работник се доделува по повод Денот на македонската полиција 7 Мај. Наградата од став 1 на овој член се доделува на полициски работник во ПС Делчево кој е препознаен по исклучителна посветеност, професионализам и значаен придонес во остварувањето на бројни полицсики активности и конкретни резултати. Наградата се доделува во форма на плакета или признание. Постапката за избор на најдобар полициски работник ја спроведува ПС Делчево. Општина Делчево поднесува писмено барање до ПС Делчево за достава ба податоци за зивршениот избор најдоцна 30 дена пред доделувањето на наградата. ПС делчево е должна да ги достави податоците од спроведената постапка за избор во рок од 15 дена од добивањето на барањето од став 6 на овој член. Градоначалникот на Општина Делчево по добивањето на податоците ја доделува наградата за најдобар полициски работник.

Како образложение за поднесување на овој Амандман тој истакна дека истиот се доделува со цел да се оддаде признание на полицискиот работник за исклучителен придонес и професионализам во полициските активности.

Тој рече дека има измена и во врска со наградата на 10 (десет) најдобри ученици во IV година-матуранти од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево. Тој рече дека со овој Правилник сега се враќа повторно на истото како што било претходно, бидејќи во Програмата за образование за 2026 беше предвидено таква награда да се додели на 15 матуранти. Значи, скратено е и

тоа претходно што било донесено со Програмата, рече тој.

Ивана Ивановска рече дека средствата се исти.

Билјана Тодоровска рече дека не се кратат средствата од Буџетот, остануваат исти.

Горан Димитровски предложи како што се доделуваат награди за најдобрите матуранти исто така да се доделуваат награди и за најдобрите полуматуранти или кога се избира првенец на генерацијата да се избираат по 3 ученици. Тоа може да им биде стимул на децата да го продолжат своето образование во нашата гимназија. Во Законот за основно образование има опција за избор на3 првенци на генерацијата. Што се однесува до наградите на ученици во основно и средно образование кои во поединечна категорија освоиле прво, второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од МОН или Биро за развој на образованието, како и од реномирани меѓународени натпревари. Тој истакна дека и тоа не е во ред-да се доделуваат само за освоено 1,2 и 3 место бидејќи има наставни предмети за кои кога се организираат натпревари се доделуваат награди за освоена прва, втора и трета награда.

Ивана Ивановска рече дека под поимот место од став 1 на овој член, се подразбира само по еден ученик на организираниот натпревар да го има освоено првото, второто или третото место.Наградата се доделува во форма на парични средства.Висината на паричната награда од ставот (2) е во износ од:

15.000,оо денари за освоено прво место

10.000,оо денари за освоено второ место

8.000,оо денари за освоено трето место

Игор Гошевски побара појаснување од образлагачот дали се консултирани основните училишта при изготвувањето на овој Правилник и како ќе се мотивираат учениците од основните училишта.

Ивана Ивановска истакна дека Правилникот е правен согласно можностите на општинскиот буџет, можеби во блиска иднина ќе се земат предвид овие забелешки или ќе има зголемување на средствата за награди..

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена.

На гласање беше ставен Амандаманот од Игор Гошевски.

Со 5 гласа „ЗА“ и 10 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево не го усвои овој Амандман.

На гласање бше ставен и Амандманот од А.И. Велковски.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го усвои Амандман.

Четврта точка-Предлог- Одлука за изразување интерес на општините и сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“/ четврт циклус 2026-2027 /;

Образлагач по точката беше Тони Стоименовски кој истакна дека со оваа одлука општина Делчево изразува интерес за учество во предлог проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“/ четврт циклус 2026-2027/, во врска со повикот кој бил објавен. Општина Делчево треба како придружен документ на самата апликација да достави и таква одлука со која се обврзува да обезбеди 20% од сумата која што општината ќе ја добие во вид на проектен грант за реализација на 1 приоритетен проект за заедницата избран преку партиципативен пристап – т.е. Форуми во заедницата. Доколку Општината го добие овој проект ќе бидат организирани повеќе обуки за советниците.

Финансиските средства кои избраните ЕЛС ќе ги добијат во рамки на овој повик административно ќе се управуваат од страна на УНДП.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 2 советници не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изразување интерес на општините и сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“/ четврт циклус 2026-2027 /;

Петта точка-Предлог-Одлука за сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот “Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led lightening Project)”.

И оваа точка ја образложи Тони Стоименовски кој рече дека и за оваа одлука имало распишано повик од страна на Бирото за регионален развој и Министерството за локална самоуправа, а истата се однесува на сопственото финансиско учество на општина Делчево за предлог проектот “Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led lightening Project)”, кој Центарот за развој на Источен плански регион ќе го аплицира за користење на средства за финансирање на проекти за развој на Источен плански регион од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој. Предвидениот буџет за реализација на горенаведениот проект изнесува 5.064.560 денари, од кои 4.507.458.4 денари ќе бидат средства побарани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, а износ од 557.101.6 денари или 11 % ќе ги кофинансира Општина Делчево од буџетот на Општината за 2026 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Бобан Никовски кој праша дали и во иднина ќе се продолжи со замената на обичните светилки со ЛЕД светилки на целата територија на Општина Делчево?

Тони Стоименовски рече дека оваа одлука се однесува за набавка на специјално возило за поставување и замена на светилки, инаку ЛЕД светилки се поставени само на 30% од територијата во Делчево.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за сопствено финансиско учество на општина Делчево во предлог проектот “Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led lightening Project)”.

Шеста точка- Предлог-Одлука за сопствено учество на Општина Делчево во предлог-проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популација на кучињата скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион;

Образлагач и по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР. Тој рече дека оваа точка со оваа одлука се утврдува сопственото финансиско учество на општина Делчево за предлог проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион”, кој Центарот за развој на Источен плански регион ќе го аплицира за користење на средства за финансирање

на проекти за развој на Источен плански регион од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој. Предвидениот буџет за реализација на горенаведениот проект изнесува 5.172.760,00 денари, од кои 4.500.301,00 денари ќе бидат средства побарани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година а износ од 672.459,00 денари или 13 % од вкупната вредноист на проектот, се средства предвидени за кофинансирање од страна на сите 11-те општини во состав на Источен плански регион.

Општина Делчево ќе кофинансира со износ од 61.133,00 денари, од буџетот на Општината.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи нкој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за сопствено учество на Општина Делчево во предлог-проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популација на кучињата скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион

Седма точка-Предлог-Одлука за формирање на Партиципативно тело на Општина Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека оваа одлука се донесува врз основа на законот за локална самоуправа и законот за урбанистичко планирање. Со неа се формира Партиципативно тело на Општина Делчево, заради обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност, како и обезбедување на поголема вклученост, учество и придонесување на граѓаните во процесот на урбанистичкото планирање. Партиципативното тело има најмалку 9 членови, а горна граница на бројот на членови не се утврдува. Тој истакна дека сите членови на ова тело ги има наведено во одлуката и рече дека некои членови го повлекле своето учество во телото, на местото на Марија Сумрачка, со допис од ЈКП е номинирано лицето Невенчо Ратков.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи нкој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Партиципативно тело на Општина Делчево;

Осма точка-Годишен извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Во врска со оваа точка Николина П.Мавродиева истакна дека Годишниот извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2025 година ги прикажува позначајните активности кои Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево ги реализирал во текот на 2025 година.Општинскиот совет во рамки на своите надлежности и во наредниот период ќе продолжи да ги спроведува активностите и кампањите по насоките зададени од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и Годишната програма за работа на ОСБСП Делчево.Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево беше формиран со Одлука на Советот на Општина Делчево со бр.09-1135/1 од 12.05.2023 година, а Годишната програма за работа за 2025

година беше усвоена од Советот на Општина Делчево со Заклучок бр.09-1003/1 од 22.04.2025 година. Накратко од нејзина страна беа презентираљни сите активности и превентивни кампање кои биле спроведени во текот на 2025 година и повика доколку има прашања, таа ќе се потруди да даде одговор.

Беше отворена расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против-нема, 1 воздржани и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за реализирани активности од Годишната програма за 2025 година.

Деветта точка-Годишна Програма за работа на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2026 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач и по оваа точка беше Николина П.Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта која рече дека оваа Програма на ОСБСП Делчево претставува флексибилен документ во кој се пренесени индентификуваните приоритети од Акцискиот план на Стратегијата за безбедност на патиштата за период 2023-2027 за подрачјето на Општина Делчево, каде носител на одговорноста за реализација на мерките и активностите е Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Делчево. Годишната програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2026 година е изработена врз основа на законските надлежности на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Деловникот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, Одлуката за формирање на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и Стратегијата за безбедност на патиштата со Акциски план за општина Делчево и е во функција на реализација на нејзините дефинирани задачи. Оваа Програма се повикува и на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр.201/2015) и Законот за изменување на законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РСМ“ бр.53/2021) преку кој се воспоставуваат еднаквите можности на жените и мажите во областите утврдени во самиот Закон од страна на субјектите кои имаат обврска да ги воспостават, помеѓу кои и единиците на локална самоуправа. Исто така се повикува и на Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026.Органите на единиците на локална самоуправа кои се должни по закон да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци, исто така, се должни овие податоци да ги прикажуваат според полова припадност.Согласно погоре наведеното, со оваа Програма се опфатени мерки и активности со планирано финансирање, преку кои се очекува подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, а кои се однесуваат подеднакво и на жените и на мажите (девојчињата и момчињата) жители на Општина Делчево. Во програмата се дадени општата и специфичните цели. Таа рече дека преку оваа Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Делчево се овозможува реализација на активности и мерки преку кои би се влијаело на подигнување на јавната свест за безбедноста во сообраќајот и би се поттикнало одговорното учество во сообраќајот од страна на сите жители (жени, девојчиња, мажи и момчиња) во Општина Делчево. Финансиските средства за организација и реализација на активностите од Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2026 година, ќе

бидат финансирани, односно обезбедени од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, а согласно Програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2026 година.Следењето на безбедноста во сообраќајот односно мониторингот е незаменлив сегмент од управувањето со безбедноста во сообраќајот. Генерално, за управување со безбедноста во сообраќајот на оптимален и одржлив начин, потребно е постојано да се анализира тековната состојба, да се дефинираат посакуваните (реални) цели и да се преземат оптимални мерки и активности за управување што ќе ја доближат моменталната состојба што е можно поблиску до посакуваната. Мониторингот на оваа Програма ќе биде вршен од страна на Секретарот и членовите на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево.

Евалуацијата која е претставува систематска и цела проценка за тековни и завршени проекти или програми, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. При тоа ќе биде изработен и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

Беше отворена расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на Општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2026 година

Десетта точка-Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Николчо Стојменовски, претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата кој истакна дека до Советот е доставено барање од страна на ЈЛБ „Илинден“ за именување на членови на УО на ЈЛБ „Илинден“, а исто така се доставени и предлози за 2 члена од редот на вработените.

Беше отворена расправа по оваа точка.

За збор се јави Ирена Ристовска која предложи три члена за членови во УО на ЈЛБ „Илинден“-Делчево и тоа:

Бранкица Стојановска

Емилија Тодоровски

Билјана Васева

Процедурално реагираше Игор Гошевски кој рече дека неколку пати досега се случува некои од материјалите за седница да не се доставуваат 7 дена пред седницата со што се крши Деловникот и апелираше да се почитува Деловникот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, 1 ВОЗДРЖАН“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево;

Единаесетта точка-Годишна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2025 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка Сашко Ивановски-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево,

кој рече дека ООУ „В.Прке“ во 2025 година работело со 4 сметки и тоа:

- сметка за наменска дотација 903
- сметката за сопствени приходи 787
- донациска сметка МОН 603
- донациска сметка 785-85

Материјалите по оваа точка се доставени до сите членови на Советот и ако има прашања, повелете рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 1 „ВОЗДРЖАН“, против-нема, 2 се изземуваат и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2025 година со Заклучок за усвојување.

Дванаесетта точка-Годишна сметка на ООУ „ Св.Климент Охридски“ за 2025 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по точката беше Димитар Видимлиски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“ кој рече дека до сите советници се доставени материјали за две сметки и тоа:

- Сметка за наменска дотација 903
- сметката за сопствени приходи 787

Ако имате прашања, повелете рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која праша зошто на сметката 787 (Сметка за сопствени приходи) се реализирани толку малку приходи само 27.571 денари или 13,8% од планирани 200.000 денари? Исто така и за расходите, планирани се 200.000 денари, а се реалзиирани само 11.001 денар или 5,5%, што не е случај со ООУ „Ванчо Прке“. На што се должи тоа според Вас, дали е нереален план или неефикасно планирање?

Директорот рече дека тука е сметководителот и може да даде одговор на ова прашање.

Катерина Величковска рече дека секогаш кога се прави план и кога се прави проекција на приходите, се планираат повеќе средства. Конкретно на оваа сметка во ООУ „Св.Климент Охридски“ се само средствата за осигурување на ученици и екскурзии.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 1 „ВОЗДРЖАН“, против-нема, 2 се изземуваат и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2025 година со Заклучок за усвојување.

Тринаесетта точка-Годишна сметка на СОУ „М.М.Брицо“ за 2025 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше Марина Синадиновска-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево која истакна дека во 2025 година, СОУ „М.М.Брицо“ своето финансиско работење го остварувало преку 4 сметки и тоа:

- сметка за наменска дотација 903

- сметката за сопствени приходи 787
- сметка за донации 785-56
- сметка за донации 785-60

Материјалите Ви се доставени, повелете ако имате прашања, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, 1 „ВОЗДРЖАН“, против-нема, 1 се изземува и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишна сметка на СОУ „М.М.Брицо“ за 2025 година.

Образложение по двете точки Четиринаесетта точка-Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 30.09.2025 со Предлог-Заклучок за усвојување и Петнаесетта точка-Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 31.12.2025 со Предлог-Заклучок за усвојување, даде Ана С.Димитровска која рече ќе даде образложение за 4 квартал, односно за 15.точка.

Таа рече дека вкупните реализирани приходи на општината за четвртиот квартал (јануари-декември 2025) изнесуваат 416.436.651 денари , или 88% од вкупно планираните приходи во буџетот на општината за 2025 година.

Процентот на реализација на тековно оперативните приходи во основниот буџет е 92%, додека на капиталните приходи е 58,5%. Приходите во основниот буџет се планирани во износ од 191.558.725 денари а релизирани се 82% односно 156.717.879 денари, реализацијата е скоро иста со истиот период 2024 година. Во буџетот на наменска дотација од планирани 259.260.697 денари приходи , реализирани се 244.810.922 денари односно 94,4%,и истата е намалена за 2% во однос на истиот период 2024 година. Во буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 48% , односно од планирани 14.702.200 денари реализирани се 7.084.020 денари, и истата е зголемена за 1% во однос на истиот период лани. Кај буџетот на донации од планирани 8.913.354 денари, реализирани се 7.823.830 денари или реализација од 88%.Од анализата на видовите приходи по економска класификација се гледа дека реализацијата кај група 71-даночни приходи е 91%.Во оваа група најголема реализација има кај конто 717116(комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување) од 30%. Реализацијата на 72-неданочните приходи во четвртиот квартал од 2025 е 69 %,. Групата 74-Трансферите и донациите на ниво на вкупен буџет се со реализација од 89%, додека реализацијата во основниот буџет е 79%

Во капиталниот биланс,група 73-Капиталните приходи заклучно со 31.12.2025 година се наплатени во износ од 3.095.550 денари,од вкупно планирани 7.265.000 денари односно 43 %. Во оваа група влегуваат приходите од продажба на градежно земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, понатаму надоместоци за концесии за експлоатација на минерални суровини и надоместоци за легализација.

Вкупните расходи во целиот буџет се планирани во износ од 474.434.976 денари. Од нив се реализирани 416.436.651 денари или 88%.

Во основниот буџет од планирани 191.558.725 денари за расходи, реализирани се 156.717.879 денари или 82%.Ако се направи подетална анализа по расходни групи ќе

видиме дека:На група 40-Плати, наемнини и надоместоци за вработените-реализирани се 256.905.383 денари од вкупно планирани 263.608.506 денари или 97,4%, овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци .
Во првиот квартал нема реализација кај групата 41-Резерви и недефинирани расходи.
Реализацијата во група 42-Стоки и услуги е 68 %, односно од предвидени 59.273.914 денари потрошени се 40.209.409 денари, овде влегуваат расходите за патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар,одржување, договорни услуги и други тековни расходи.
Во група 45- камати, реализирани се 1.124.216 денари од планирани 1.800.000 денари или 62,4%Кај група 46-Субвенции и трансфери, реализацијата е 83% односно од предвидени 10.393.724 денари потрошени се 8.624.055 денари, овде влегуваат трансферите до невладини, спортски клубови, здруженија на граѓани и фондации, стипендии, плаќање по судски решенија и др. решенија.Реализацијата кај група 47-Социјални бенефиции е 99%, односно од планирани 1.310.000 денари заклучно со 31.12.2025 потрошени се 1.292.712 денари.Овде влегуваат исплатите по основ на еднократна парична помош и помош за новороденчиња и првооделенчиња.98% реализација имаме кај група 49 отплата на главница, тоа се обврски по основ на ануитети за земени кредити за доградба на градинката и за реконструкција на улици.
Капиталните расходи се со процент на реализација од 78% до 31.12.2025, односно од планирани 132.588.832 денари се потрошени 103.202.586 денари, и овде имаме зголемување од 8% во однос на реализацијата на капиталните расходи во истиот период 2024 година.

Претседателот отвори единствена расправа по точките.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која рече дека реализацијата на капиталните расходи е 45% од планираните 7 милиони или реализирани се 3 милиони денари. Зошто има толкав недостаток, праша таа?

А.С.Димитровска рече дека кај капиталните расходи де јавува тој недостаток бидејќи во извештајниот период не била донесена Програмата за уредување на градежно земјиште, помина на една од претходните седници и оваа година очекуваме поголема реализација на таа ставка, рече таа.

Адријана Илиевска Велковски исто така рече дека во Програмата за изградба иреконструкција на улици има податок дека планирана сума е надмината за 16 милиони денари. Зошто, од кои причини се јавува ова надминување, дали е од зголемени трошоци, праша таа?

А.С.Димитровска рече дека советничката треба да каже точно на кое конто мисли за да може да даде одговор.

Игор Гошевски рече дека исто така и во Програмата Н1 основно образование има минус 6 милиони денари и праша зошто е така?

А.С.Димитровска рече дека тој минус се јавува како резултат на зголемувањето на наменската дотација, со проширување на средства е зголемена, има поголема реализација на средства, но така ја дава самата програма со „минус“.

Игор Гошевски рече дека таква разлика или „минус“ од 12 милиони денари се јавува и во Програмата за животна средина, на што се однесува, праша тој?

А.С.Димитровска рече тоа се средствата за регулација на коритото на р.Габровчица,

стигнале отпосле, со „минус“ се оти така ги дава програмата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката 14. беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 2 отсутни, Советот на Општина Делчево, донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 30.09.2025.

На гласање беше ставена и 15.точка.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 2 отсутни, Советот на Општина Делчево, донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за квартал од 01.01.2025 до 31.12.2025.

Шеснаесетта точка-Годишен извештај на Општина Делчево за 2025 година;

Образложение по точката поднесе Ана С.Димитровска која рече дека ова е Годишен извештај на Општина Делчево кој е поврзан со Годишната сметка која е следната точка и таа ќе даде детално образложение. Ако имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која праша зошто има мала реализација кај комуналните такси?

Ана С.Димитровска рече дека тука има отстапување во делот на комунална такса за користење простор пред деловен простор. Општина Делчево нема вработено општински комунален инспектор кој врши контрола над наплатата на оваа такса. Имено, Одобрение за користење простор пред деловен простор, се издава само врз основа на поднесено барање од заинтересираната странка и тоа треба да го контролира ДПИ.

Адријана Илиевска Велковски праша дали Одделението за финансии има некакви планови за наплата на ненаплатени обврски спрема Општина Делчево во износ од 44.597.821,00 денари?

Ана С.Димитровска рече дека некои од тие обврски се застарени и се за отпис. Што се однесува до средствата кои не се наплатени по основ на уредување на ГЗ (комуналии), таа рече дека Општината е задолжена општина и со блокирана сметка, и работи со рамка, затоа се случува Општината да дозволува комуналиите да се плаќаат на рати поради рамката и затоа во делот на комунални такси се појавува поголема сума која е неисплатена по тој основ. Инаку Општината е во контакт со странките кои должат и тие редовно си ја плаќаат ратата во договор со Општината.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 2 отсутни, Советот на Општина Делчево го усвои Годишниот извештај на Општина Делчево за 2025 година.

Седумнаесетта точка-Завршна сметка на Општина Делчево за 2025 година;

Образлагач по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци. Таа истакна дека Завршната сметка е консолидирана сметка на сите планирани приходи и расходи и тоа во: основниот буџет, буџетот на наменски дотации, буџетот на донации, самофинансирачките активности и буџетот на заеми или кредити, распоредени во соодветни програми и потпрограми.Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на ЕЛС и член 53 од

Законот за Буџети, Советот на Општината ја донесува завршната сметка на буџетот на општината најоцна до 15-март во тековната година, и се доставува до Министерство за финансии најдоцна до 31 март во тековната година.

во текот на 2025 година, вкупните приходи во Буџетот се наплатени во износ од 424.070.323 денари, што претставува 90% од вкупно планираните приходи во вкупниот Буџет на Општината. Анализата на приходната страна на Основниот буџет покажува наплата на 156.717.879 денари или 81,8% од вкупно планираните 191.558.725 денари. Во продолжение таа ја образложи и структурата на приходите во вкупниот буџет по економска класификација која изгледа вака:

- Даночни приходи- наплатени во износ од 60.532.998 ден-90,7%
- Неданочни приходи : наплатени во износ од 8.225.082-68,7%
- Капитални приходи:наплатени во износ од 3.095.550-42,6%
- Трансфери и донации: наплатени во износ од 352.216.693-90,6%

Од вкупно планираните расходи во Буџетот за 2025 година, во износ од 474.434.976 денари, во вкупниот Буџет реализирани се 416.436.651 денари или 88%, додека во Основниот буџет од планирани 191.558.725 денари се реализирани 156.717.879 денари односно 82%. Капиталните расходи се планирани во износ од 117.515.291 ден., а се реализирани во износ од 92.587.330 ден. или изразено во проценти 78,7%, а во однос на вкупните расходи во Основниот буџет процентот е 22%. Во 2025 година реализирани капитални расходи во износ од 92.587.330 ден.

Претседателот отвори раправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 2 не гласале, Советот на Општина Делчево ја усвои Завршната сметка на Општина Делчево за 2025 година.

Осумнаесетта точка-Извештај за реализација на Програмата за образование за 2025 година на Општина Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој истакна дека Извештајот е изготвен врз освова на Програмата за образование за 2025 година и нејзината реализација. Општата цел на Програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието, како и условите за работа.Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Општина Делчево го штити правото на децата за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење по мерка на детето во соработка со наставниците, родителите и учениците. Специфичните цели на Програмата на Општина Делчево од областа на образованието се во насока да се обезбедат активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на жените и мажите, девојчињата и момчињата од областа на образованието, изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес, планирање на развојот на образованието и подобрување на условите за реализација на образовниот процес, подобрување на

квалитетот на образованието и условите за работа во училиштата, креирање и спроведување образовни политики согласно со локалните потреби за развој на образовниот процес. Во продолжение на образложението беа истакнати сите активности и мерки преземени во 2025 година во областа на образованието, а на крајот е табеларниот приказ и финансиската конструкција. Доколку има прашања, повелете рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“ 1 „ПРОТИВ“ и 2 не гласале, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за образование за 2025 година на Општина Делчево.

Деветнаесетта точка-Предлог-Решение за именување на претставник на Министерството за социјала демографија и млади во Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови“.

Дваесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1 помали производни капацитети згр. бр. 2 –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;

Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1 помали производни капацитети згр. бр. 7 –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;

Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1 помали производни капацитети згр. бр. 8 –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;

Дваесет и трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1 помали производни капацитети згр. бр. 9 –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;

Дваесет и четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Г2-1 помали производни капацитети згр. бр. 10 –по барање на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје;

Образлагач по точките 20, 21, 22, 23 и 24 беше Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште која истакна дека сите 5 одлуки се однесуваат на Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз Скопје кои имаат поднесно барање со кое се бара да се изврши проширување на

планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти 28.12.2018 година, за бесправно изграден објект, Г2-1 помали производни капацитети – означен во елаборат како зграда бр. 2, зграда број 7, зграда број 8, зграда број 9 и зграда број 10 изградени на КП бр. 875 КО Чифлик запишана во имотен лист бр. 73. Сите се бесправни објекти и се надвор од урбанистички плански опфат. Значи, намената на сите згради е иста, а земјиштето е во сопственост на РСМ.

Претседателот отвори расправа по 20.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема и 3 не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Претседателот отвори расправа по 21.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема и 3 не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Претседателот отвори расправа по 22.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема и 3 не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Претседателот отвори расправа по 23.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема и 2 не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Претседателот отвори расправа по 24.точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема и 2 не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Дваесет и петта точка-Годишна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше ВД директорката Виолета Гиздовска која рече дека во текот на 2025 година, Детската градинка работела со две сметки и тоа:

- сметка 7200102259903-14-наменска дотација
- сметка 7200102259787-10-сопствена

Материјалите во врска со Годишната сметка ви се доставени, доколку имате прашања, повелете, рече таа.

За збор се јави Игор Гошевски која праша за што се потрошени средствата во износ од 213 592,00 денари на ставката 425990 на сметката за сопствени приходи и средствата во износ од 210.950 на сметката за наменска дотација, за што конкретно се потрошени тие средства?

Директорката рече дека во нејзино име одговор ќе даде сметоводителот Маре Бошначка бидејќи во 2025 година таа не била на функцијата. Маре Бошначка рече дека дел од овие средства се потрошени за реконструкција на дел од покривот и дел за ангажирање на 5 вработени ангажирани со договор за дело. Во врска со средствата во висина од 210.000 таа рече дека тие биле за плати на 5 вработени кои биле ангажирани од 10 ноември до 31 декември 2025 година, како и за шиење на костими за потребите на градинката за завршните

приредби што ги организира. Средствата се исплатени на приватно лице кое ги шиело тие костими, а нема фирма за да се исплати преку фактура туку со договор за вршење услуга.

Игор Гошевски праша дали градинката има доволно средства и дали работи со загуба?

Маре Бошначка рече дека градинката има доволно средства, има речиси 6 милиони денари плус на сметката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема и 2 отсутни, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за 2025 година.

Дваесет и шеста-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите;

Образложение по оваа точка поднесе директорката Виолета Гиздовска која рече дека денес на дневен ред е одлука која не е лесна, но е неопходна, а се однесува на утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите.

„Ние сме свесни дека во изминитаиот период има континуирано зголемување на цените со што се зголемени трошоците за електрична енергија, за прехранбените продусти, на средствата за хигиена, а со растот на минималната плата растат трошоците и за плата на вработените. Во таа насока ЗЕЛС даде препораки до општините за усогласување на цените на услугите со цел обезбедување одржливо функционирање на градинките. Затоа, почитувани, ова покачување е социјално прифатливо и нужно, и се предлага пред сè за обезбедување на здрава и квалитетна исхрана на децата, обезбедување на хигиенски и др.услови, квалитетна и безбедна клима за престој во градинката, како и за достоинството на вработените. Важно е да се истакне дека и со тоа усогласување цената што ја плаќаат родителите не го покрива реалниот трошок за исхрана и престој на децата во градинката. Но обврска на градинката е да се обезбедат што подобри услови за престој на децата и за работа на вработените, тоа нема цена, но има реални трошоци и моја одговорност да ги покриеме. Согласно препораките на ЗЕЛС се предлага корекција на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите, од 1490 на 2000 денари, во повеќе општини цената е зголемена: Виница, Берово, Пехчево, Ѓорче Петров, Охрид. И покрај покачувањето на цената таа е социјално прифатлива и пониска во однос на реалниот трошок. Знаеме дека ЗЕЛС дава препораки, препораката не е обврзувачка, носењето на одлуката е во Ваша надлежност, вие сте тие што ќе ни помогнете и да ја донесете одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите., бидејќи последните години има енормно зголемување на цените на сите производи (прехрамбени, хигиенски), на електричната енергија, како и зголемување на трошоците за плата (минимална плата) и сл. Покачувањето што го предлагаме е само 34% и значително помалку од реалните трошоци.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Игор Гошевски кој истакна дека денеска на дневен ред е одлука која гу засега најранливите-децата, но уште повеќе нивните родители. Станува збор за одлука со која се предлага зголемување на на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите од 1490 на 2000 денари и сето тоа на товар на семејствата. Тој рече дека ова не е само финансиска

одлука туку одлука која покажува дали ја разбираме реалноста во која живеат граѓаните.

„Во услови на континуирано покачување на цените, зголемени трошоци за живот и инфлација која ги притиска семејните буџети, во отсуство на доволна поддршка на централната власт, ние денес дискутираме како дополнително да го оптовариме нивниот буџет. Дали навистина мислиме дека семејствата во Делчево имаат простор на нов трошок, дали сме свесни дека за многу од нив не е само покачување, туку нов удар врз домашниот буџет. Наместо да бараме начини како да ги олесниме условите за живот на младите семејства, ние им испраќаме порака дека главниот товар ќе падне врз нивните плеќи.

Почитувани, грижата за децата не смее да биде луксуз, тоа е обврска на општеството, а секоја инвестиција во детска заштита е инвестиција во и за иднината. Затоа, прашувам зошто не се разгледале други алтернативи, зошто не се предложени мерки за субвенционирање, зошто единствено решение е цената да се зголеми на товар на граѓаните (родителите). Општината треба да биде партнер на граѓаните, а не да предлага нов трошок. Ккао опзиција не сме против подобрување на условите во градинката, анпротив, селно го поддржуваме тоа, но тоа не смее да се прави исклучиво врз грбот на граѓаните. Затоа ние предлагаме, да се преиспита тоа зголемување, да се најдат други начини за покривање на трошоците и да се разгледаат моделите за подрршка на семејствата со пониски примања.

Почитувани колеги, одлуките што ги носиме денес имаат последици утре.

Советничката група на СДСМ нема да ја поддржи оваа одлука, ги повикуваме и останатите советници да гласаат против. Дали навистина ова е вистинскиот момент и вистинскиот начин.“

Тој праша зошто ако на сметката има 6 милиони денари се предлага покачување од 1490 на 2000 денари?

Маре Бошначка рече покачувањето се предлага затоа што се е покачено, цените на сите производи и услуги се покачени, некои прозводи и услуги се покачени дури и за 50%.

Ирена Ристовска рече дека директорката истакнала дека ова покачување не е само кај нас, цената е покачена и во многу други општини.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“, 1 „ВОЗДРЖАН“ и 2 не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите;

Дваесет и седма точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Записник за селекција, евиденција и отуѓување на електронски отпад бр.02-64/6 од 23.03.2026;

Образлагач по оваа точка беше Виолета Гиздовска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево која рече во врска со оваа точка се доставени сите материјали. Станува збор за опрема и уреди кои се амортизирани и кои буквално немаат никаква вредност, што е констатирано и во самиот Записник од комисијата. Во материјалите има и спецификација за сите, ако имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 2 отсутни, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Записник за селекција, евиденција и отуѓување на електронски отпад бр.02-64/6 од 23.03.2026.

Дваесет и осма-Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и ги повика членовите на Советот да постават прашања или да дадат предлози.

Никој не се јави за збор, што значи дека на Осмата седница, од страна на советниците немаше поставено прашања и предлози.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 8.седница на Советот на Ооштина Делчево, заврши со работа во 13:45 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски

Записникот го водела
Снежана Трајкова